HCPP

WOMEN AGAINST VIOLENCE EUROPE
WAVE Network and European Info Centre against Violence
Bacherplatz 10 / 6 | 1050 Vienna, Austria
Phone: +43 (0)1 548 2720 | Fax: +43 (0)1 548 2720 27
E-mail: office@wave-network.org | www.wave-network.org
ZVR: 601608559

*Јавен повик за ангажирање на екперт/ка за подготовка на Водич за препознавање и превенција на дигитално насилство врз жените*

## 1. Контекст на задачата

Сојуз – Национален совет за родова рамноправност претставува национална, мултиетничка и мултигенерациска мрежа ориентирана кон иднината, посветена на унапредување на родовата рамноправност, развојот, заштитата на женските и човековите права и промовирањето на мирот. Во рамки на својата стратешка цел за превенција на семејно и родово базирано насилство врз жените, НСРР ја управува бесплатната мобилна СОС телефонска линија 141 700, достапна 24/7 на македонски, албански, турски и ромски јазик. Дополнително, функционира и советувалиштето на НСРР, кое обезбедува бесплатно правно и психосоцијално советување, како и дигитална поддршка преку официјалната веб-страница на организацијата. Со поддршка од мрежата WAVE, НСРР спроведува проект насочен кон препознавање, превенција и подигнување на јавната свест за технолошки потпомогнато интимно партнерско насилство (TF-IPV), со цел унапредување на дигиталната безбедност на жените и обезбедување навремена и пристапна поддршка.

## 2. Опис на работни задачи

Експертот/ката ќе биде одоговрен/а за креирање на Водич за дигитална безбедност. Истиот, треба да биде практичен и лесно разбирлив и ќе им помогне на жените да препознаат, превенираат и соодветно реагираат на дигиталното насилство.

Водичот треба да опфати:

- Основите на дигитално насилство ( TF-IPV )
- Анализа на најчести форми на дигирално насилство (TF-IPV )
- Упатства за препознавање на дигитално насилство и начини на реагирање
- Практични совети за онлајн приватност и дигитална само-заштита
- Упатства за препознавање на дигитално насилство
- Чекори за пријавување и барање помош

## 3. Времетраење и период на имплементација на активноста

За овој ангажман се предвидени вкупно 20 работни денови. Активноста треба да се реализира до 25.12.2025. Анализата треба да е изработена на македонски јазик.

## 4. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката

Експертот/ката се очекува да ги исполнува следниве критериуми:

*Општо професионално искуство*

- Високо образование во областа на општествените науки
- Минимун 5 години работно искуство

*Специфично професионално искуство и вештини*

- Докажано искуство во изработка на едукативни или информативни материјали поврзани со дигитална безбедност, родова рамноправност и превенција на насилство;
- Познавање на концептот и формите за дигитално насилство;
- Одлични вештини за пишување и уредување на текстови;
- Искуство во работа со граѓански организации.

## 5. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Писмо за искажување на интерес;
- Професионално ЦВ;
- Развиена методологија за изработка на водичот;
- Финансиска понуда која вклучува надоместок по ден во бруто износ.

Пријавите треба да се достават најдоцна до 26.11.2025 на е-пошта: sozm@t.mk , stankovikmartina@gmail.com и teazografska@gmail.com со предмет: Апликација за експерт/ка за изработка на водич. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.